МБА

Македонска Банкарска Асоцијација



# ESG Прашалник

ESG Комисија,
МБА

# ESG Комисија

## Формирање

ESG Комисијата е формирана во Септември 2023 година

## Прв проект

Креирање на ESG Прашалник

Формирана е работна група со претставници од: Комерцијална / Стопанска Скопје / НЛБ / Халк / Шпаркасе / Прокредит

## ESG Прашалник

При креирањето на ESG Прашалникот се користеа искуства од земји каде е развиена ваква пракса

Придонес во креирањето на Прашалникот даде и AmCham Македонија

# Што е ESG Прашалник?

ESG Прашалници се структурирани формулари кои ги користат банките заради прибирање информации за:

## Environment

Еколошко влијание на клиентот или трансакцијата

- ✓ јаглеродни емисии
- ✓ потрошувачка на ресурси
- ✓ користена енергија

## Society

Општествена одговорност

- ✓ работни практики
- ✓ ангажман во заедницата

## Governance

Управувачка структура

- ✓ структура на одбори
- ✓ политики и процедури
- ✓ борба против корупција

# Карактеристики на ESG Прашалникот

### Унифициран

Важи за сите правни субјекти во Македонија — единствен стандарден формат

### Задолжителен

Секоја банка ќе го применува истиот прашалник, без исклучок

### Дигитализиран

Пополнување преку онлајн платформа, поддржано од МКБ

### Еднократно пополнување

Компаниите ги внесуваат податоците само еднаш, на едно место

### Контрола

Секоја банка добива пристап до истите информации само со согласност од клиентот

### Годишен

Годишна обврска за пополнување

# Примена на ESG Прашалник

Целта на ESG Прашалникот е да обезбеди сеопфатен преглед на напорите кои компаниите ги вложуваат во управување со еколошките, социјалните и управувачките фактори

Со пополнување на ESG Прашалникот компаниите ќе може да ги идентификуваат и да управуваат со ESG ризиците и можностите

Се постигнува повисок степен на транспарентност и одговорност

Се проширува опфатот на информации кои влијаат на донесување информирани кредитни одлуки

Банките ги поттикнуваат клиентите да усвојат и применат одржливи практики во своето работење

# ESG Комисија

**Народна банка** издаде Насоки и спроведе анкети за да ја процени, и подобри, способноста на банкарскиот сектор за справување со ризици од климатски промени

Среднорочен план на активностите на Народна банка, каде во доменот на управување со ризиците поврзани со климатски промени за периодот 2023 – 2025 година се нагласува потребата од идентификување, мерење и управување со ESG ризиците

Насоки за начинот на управување со ризиците поврзани со климатски промени, каде се дефинирани очекувањата банките да ги вклучат ризиците од климатски промени во своето работење. Со документот им се препорачува на банките да ги проценуваат овие ризици преку собирање податоци заради проценка на изложеноста на клиентите на **физички** и **транзициски** ризици. Воедно, од банките се очекува овие проценки да ги интегрираат во моделите за кредитен ризик, стрес – тестирање и известување

**Македонска берза**

Водич за ESG известување, со кој се повикуваат котираните компании, вклучитено банките, да ги објавуваат ESG метриките користејќи меѓународни рамки за известување како GRI или SASB

# ESG Комисија



# Структура на ESG Прашалникот



**Информации за компанијата**

вклучувајќи контакт информации и индустриска класификација



**Еколошки информации**

Детали за еколошките практики на компанијата, вклучувајќи употреба на енергија, емисии и управување со отпад



**Општествени информации**

Информации за социјалните аспекти, како што се благосостојба на вработените, ангажман во заедницата, политики за различност



**Управувачки информации**

Детали за управувачките структури, вклучувајќи состав на одборите, управување со ризици, етички практики

# ESG Комисија

Македонска Банкарска Асоцијација

| I. Општи прашања |
|---|
| I. 1. Информации за компанијата |
| I. 2. Информации за ESG стратегија, политика и усогласеност со релевантната легислатива |
| I. 3. Останато |
| II. Еколошки фактори (»E«) |
| II. 1. Климатски промени (емисии на стакленички гасови) |
| II. 2. Енергетска ефикаснот |
| II. 3. Потрошувачка на вода |
| II. 4. Превенција на загадување |
| II. 5. Цикуларна економија/управување со отпад |
| II. 6. Биодиверзитет и здрав екосистем |
| II. 7. Еколошки ризици |
| III. Општествени фактори (»S«) |
| III. 1. Општо |
| III. 2. Влијание на заедницата/општеството |
| III. 3. Односи помеѓу вработените и работодавачот - работни стандарди и човекови права во корпоративниот сектор |
| III. 4. Релации со клиенти и добавувачи |
| IV. Управувачки фактори (»G«) |
| IV. 1. Етички аспекти на управување |
| IV. 2. Стратегија и управување со ризик |
| IV. 3. Диверзитет и надзорни одбори |

Прашалникот се состои од 130, односно 95 прашања

Екстензивноста на побараните информации зависи од големината на компанијата:

- Екстензивниот ESG Прашалник ќе се пополнува од сите ГОЛЕМИ правни лица
- Скратениот ESG Прашалник ќе се пополнува од сите СРЕДНИ правни лица

| I. Општи прашања | Одговори |
|---|---|
| **I. 1. Информации за компанијата** | |
| Назив: | Автоматски се пополнува |
| Адреса: | Автоматски се пополнува |
| улица: | Автоматски се пополнува |
| број: | Автоматски се пополнува |
| поштенски код: | Автоматски се пополнува |
| град: | Автоматски се пополнува |
| држава: | Автоматски се пополнува |
| Даночен број | Автоматски се пополнува |
| Лице за контакт за ESG (име и презиме, е-адреса, мобилен телефон): | |
| Шифра на дејност (NACE-code) на основната активност/основниот извор на приход на компанијата: | Автоматски се пополнува |
| Дали компанијата има ESG рејтинг од соодветна рејтинг-агенција? | Да/Не |
| *Доколку одговорот е „Да“, кој е називот на рејтинг-агенцијата?* | *Мени од понудени одговори* |
| Датум на стекнување на ESG рејтинг и оцена на рејтингот: | |
| **I. 2. Информации за ESG стратегија, политика и усогласеност со релевантната легислатива** | |
| Дали компанијата има воспоставено формални политики за прашања поврзани со животната средина (на пр., енергија, емисии на стакленички гасови GHG, отпад итн.)? | Да/Не |
| Дали постои раководно/управувачко тело кое е одговорно за стратегија, акциони планови и управување со ризик за прашањата поврзани со ESG? | Да/Не |
| Колку вработени во компанијата редовно имаат активности поврзани со ESG? | |
| Дали компанијата обезбедува ESG тренинг-програми за вработените? | Да/Не |
| Дали компанијата е стандардизирана при дејствувањето во општеството и животната средина, односно дали презела обврски за постапување согласно такви стандарди? | ISO/SA/FSF… |
| *Доколку одговорот е „Да“, кои сертификати од ESG областа, односно кои обврски се преземени?* | *Мени од понудени одговори* |
| Потврдете дали компанијата работи согласно регулативата од следните области: | |
| 1. Животна средина (вклучително стекнување на кои било потребни дозволи) | Да/Не |
| 2. Работни односи (вклучително безбедност и заштита при работа) | Да/Не |
| 3. Противпожарна заштита и превенција од незгоди | Да/Не |
| **I. 3.Друго** | |
| Дали компанијата објавува извештаи за ESG влијание во форма на Извештај за одржливост или Извештај за корпоративна и општествена одговорност (CSR)? | Мени од понудени одговори |
| *Доколку одговорот е „Да“, внесете URL-врска до последниот објавен извештај.* | |
| Дали Извештајот за одржливост на организацијата е потврден/верифициран? | Мени од понудени одговори |

МБА Македонска Банкарска Асоцијација

| | |
|---|---|
| **II. Еколошки фактори (»Е«)** | |
| **II. 1. Климатски промени (емисии на стакленички гасови)** | |
| Дали компанијата има процеси за идентификување на ризиците и можностите што произлегуваат од климатските промени? | Да/Не |
| Дали компанијата пресметува, следи и известува за емисиите на стакленички гасови (GHG), односно јаглероден отпечаток? | |
| *Година т-1* ***ОПСЕГ 1*** | |
| *Година т-1* ***ОПСЕГ 2*** | |
| *Година т-1* ***ОПСЕГ 3*** | |
| *Доколку одговорот е „Да", дали пресметките на јаглероден отпечаток се потврдени од надворешни проценители?* | *Да/Не* |
| Дали компанијата има одобрена цел/стратегија за транзиција кон нето-нула (net-zero) јаглеродни емисии од оперативните активности до 2050? | Да/Не |
| *Доколку одговорот е „Да", која е целта за намалување на Опсег 1 и Опсег 2 (Scope 1 и Scope 2) емисии на стакленички гасови (GHG) до 2030?* | *Мени од понудени одговори* |
| **II. 2. Енергетска ефикасност** | |
| Колкава е основната потрошувачка на електрична енергија на компанијата во изминатите 3 години? | |
| Енергија во kWh (т-1) | |
| Енергија во kWh (т-2) | |
| Енергија во kWh (т-3) | |
| Колкава е потрошувачката на енергија од обновливи извори (во %) во однос на вкупната потрошувачка на енергија во годината т-1? | |
| Дали се планираат инвестиции за значително намалување на потрошувачката на енергија во следните 3 години? | Да/Не |
| Дали компанијата се стекнала со сертификат за енергетски перформанс повисок од С-класа за недвижностите каде што ја извршува својата дејност? | Да/Не |

Македонска Банкарска Асоцијација

| | |
|---|---|
| **II. 3. Потрошувачка на вода** | |
| Колкава е вкупната годишна потрошувачка на вода (во m3) во претходните 3 години? | |
| Вода (т-1) | |
| Вода (т-2) | |
| Вода (т-3) | |
| **II. 4. Превенција од загадување** | |
| Дали компанијата има регулаторна обврска да мери емисии на гасови или други супстанции во атмосферата, од недвижни извори на загадување (загадувачки емисии)? | Да/Не |
| Дали компанијата ги надминува дозволените вредности на загадување во претходниот 3-годишен период? | Да/Не |
| **II. 5. Циркуларна економија/управување со отпад** | |
| Колкава е годишната количина отпад (во тони) создадена во компанијата во текот на претходната година (т-1) по категорија како што следува: | |
| - неопасен отпад | |
| - опасен отпад | |
| Годишен трошок за управување со отпад (во МКД, податок за година т-1)? | |
| Дали компанијата има официјална процедура за управување со отпад? | Да/Не |
| **II. 6. Биодиверзитет и здрав екосистем** | |
| Дали компанијата работи во  близина на, или во заштитено подрачје, за што е потребна дозвола од овластено тело за зачувување на природата? | Да/Не |
| *Доколку работите во близина на заштитено подрачје наведете колкаво е растојанието (во метри) и категоријата на заштитеното подрачје (национален парк, регионален парк, пејзажен парк, природен резерват, споменик на природата) или доставете согласност од регулаторот.* | |
| Дали компанијата преку своите активности директно влијае врз биодиверзитетот (намалување или истребување на растителни и животински видови)? | Да/Не |
| **II. 7. Еколошки ризици** | |
| Дали компанијата има воспоставено полиси за осигурување со цел да ги ублажи потенцијалните физички ризици? | Да/Не |
| **Тип климатска и/или еколошка промена/влијание (за период од минати 3 години)** | **Пожар** |
| *Број на штетни настани* | |
| *Бруто-загуба од штетен настан во МКД (1)* | |
| *Вкупна отштета (осигурување и друго) во МКД  (2)* | |
| *Вкупна нето-загуба од штетен настан во МКД  (3) = (1) - (2)* | |

| III. | III. Општествени фактори (»S«) | |
|---|---|---|
| III.1 | **III. 1. Општо** | |
| III.1,1 | Дали компанијата има политики за регулирање на социјалните аспекти на своите активности, во следните области: | |
| III.1,2 | Почитување на човековите права | Да/Не |
| III.1,3 | Еднакви можности/недискриминациски постапки | Да/Не |
| III.1,4 | Поттикнување на диверзитетот кај вработените | Да/Не |
| III.1,5 | Здравствена заштита и безбедност при работа | Да/Не |
| III.1,6 | Превенција на детска и илегална работна сила | Да/Не |
| III.1,7 | Кодекс на етика | Да/Не |
| III.1,8 | Доколку сте биле санкционирани за непочитување на регулативата за заштита на здравје и безбедност при работа, прекршување на Законот за работни односи или слични прописи во изминатите 3 години, наведете колку вакви настани сте имале? | |
| III.1,9 | Дали компанијата има сертификати за почитување на социјалните фактори во работењето (на пр., здравје и безбедност при работа, корпоративна одговорност, квалитет на продукти/услуги, атести за социјално одговорни операции, компанија пријател на различни групи како што е семејство, претприемачи, инвалидизирани лица и сл.)? | Да/Не |
| III.1,10 | *Доколку одговорт е „Да“, наведете ги сертификатите.* | |
| III.1,11 | Дали се мерат случаите на сериозни проблеми со човековите права (т.е. влијанија врз локалните заедници, инциденти со човековите права во синџирот на снабдување)? | Да/Не |
| III.2 | **III. 2. Влијание на заедницата/општеството** | |
| III.2,1 | Дали компанијата има програма за поддршка на локалните заедници? | Да/Не |
| III.2,2 | *Доколку одговорот е „Да“, изберете за какви програми станува збор?* | *Мени од понудени одговори* |
| III.2,3 | Наведете во кои организирани, доброволни активности биле вклучени вработените од компанијата во изминатата година? | |
| III.2,4 | Дали компанијата, во изминатите 3 години, била изложена на штетни настани кои вклучуваат невладини организации, медиуми или протести? | Да/Не |
| III.2,5 | *Доколку одговорот е „Да“, опишете ги накратко настаните и нивните последици.* | |
| III.2,6 | Доколку компанијата одвојува средства за донации и спонзорства, наведете го износот за овие намени во последните 3 години, во МКД. | |
| III.2,7 | Износ (т-1) | |
| III.2,8 | Износ (т-2) | |
| III.2,9 | Износ (т-3) | |

| | | |
|---|---|---|
| III.3 | **III. 3. Односи помеѓу вработените и работодавецот – работни стандарди и човекови права во корпоративниот сектор** | |
| III.3.1 | Дали компанијата обезбедува дополнителни бенефиции/бонуси за вработените (дополнително пензиско или здравствано осигурување, јубилејни награди, спортски активности ...)? | Да/Не |
| III.3.2 | Дали компанијата има колективен договор каде што се определени основната/почетна плата, поврат на трошоци, износ наменет за годишен одмор, политика на наградување...? | Да/Не |
| III.3.3 | Дали се мери процентот на директно вработени опфатени со колективни договори? | Да/Не |
| III.3.4 | Дали компанијата има систем/програма за едукации и тренинзи, за поттик/награда и развој на кариера за вработените? | Да/Не |
| III.3.5 | Дали компанијата има кодекс на однесување за вработените? | Мени од понудени одговори |
| III.3.6 | Дали во компанијата е организиран синдикат? | Да/Не |
| III.3.7 | Дали во компанијата е воспоставен механизам за заштитено внатрешно пријавување (дојавувачи) и за управување со неправилности/прекршоци во компанијата? | Да/Не |
| III.3.8 | Наведете број на тешки повреди кои вработените ги претрпеле како последица на несреќни случаи на работа во изминатите 3 години (настани за кои се известени соодветните институции во форма на извештај за инциденти – повреди при работа). | |
| III.3.9 | *Број во година т-1* | |
| III.3.10 | *Број во година т-2* | |
| III.3.11 | *Број во година т-3* | |
| III.3.12 | Наведете го бројот на правни постапки поведени против компанијата врз основа на Законот за работни односи, во последните 3 години. | |
| III.3.13 | Наведете ја разликата помеѓу најниската и највисоката плата што ја примаат вработените во компанијата. | |

| | |
|---|---|
| **IV. Управувачки фактори (»G«)** | |
| **IV. 1. Етички аспекти на управување** | |
| Дали компанијата имплементирала мерки за превенција од поткуп и управување со ризик од поткуп? | Да/Не |
| Дали има потврдени инциденти на корупција/неетичко/антиконкурентно однесување во тековната година? | Да/Не |
| Дали компанијата одржува тренинг/едукација за вработените за работна етика? | Да/Не |
| Дали компанијата има усвоено правила за избегнување конфликт на интереси? | Да/Не |
| **IV. 2. Стратегија и управување со ризик** | |
| Дали компанијата има план за континуитет во работењето? | Да/Не |
| *Доколку одговорот е „Да", кога последен пат е тестиран планот за бизнис-континуитет?* | |
| Дали компанијата има сигурносни механизми за заштита на лични податоци? | Да/Не |
| *Доколку одговорот е „Да", наведете детали.* | |
| **IV. 3. Диверзитет и надзорни одбори** | |
| Наведете го % учество на бројот на жените во раководните структури на компанијата. | |
| Дали компанијата има политики кои ја поттикнуваат диверзификацијата, односно се поттик компанијата да има диверзифициран управувачки и/или надзорен одбор, во однос на пол, компетенции и професионално искуство? | Да/Не |